**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Васко Блажевски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**бул.Митрополит Теодосиј Гологанов**
**бр.37/3-18 (приземје)**
**тел.02/3214-280, vasko@izvrsitelblazevski.mk**

**И.бр.913/25**

Извршителот Васко Блажевски од Скопје врз основа на барањето за спроведување на извршување од заложниот доверител НЛБ Банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030993191133, ЕМБС 4664531 и седиште на ул.Водњанска бр.1, засновано на извршната исправа Договор за залог (хипотека) врз недвижност од прв ред ОДУ Број 1142/24 од 01.10.2024 на Нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје, против должникот Друштво за трговија и услуги ФЛОРА ГЛОБАЛ ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје од Скопје со ЕДБ 4044021519580, ЕМБС 7556594 и седиште на бул.Партизански одреди бр.1-2/5, Центар, заложен должник Хилда Рај од Тетово со живеалиште на ул.Браќа Миладиновци бр.215/16, Тетово (пријавено живеалиште на булевар Асном бр.70/1-3, о.Аеродром – согласно информација од МВР) и заложниот должник Јовица Страшевски од Гостивар со живеалиште на ул.Мара Угринсока бр.41 А/4-20, за спроведување на извршување во вредност од 21.500.000,00 ден., на ден 19.06.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА втора продажба со усно јавно наддавање на недвижноста со следните ознаки:

**ЛИСТ В**

-КП 105, дел 0, адреса бул.Авној 70/1-3, бр.на зграда/друг објект 1, намена на згр.преземена при конверзија на податоците од стариот ел.систем СТАМБЕНА ЗГРАДА – СТАН, влез 01, кат 02, број 03, внатрешна површина 88 м2,

-КП 105, дел 0, адреса бул.Авној 70/1-3, бр.на зграда/друг објект 1, намена на згр.преземена при конверзија на податоците од стариот ел.систем ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ, влез 01, кат ПО, број 03, внатрешна површина 4 м2, сопственост на заложниот должник Хилда Рај, запишана во имотен лист број 6772 КО Кисела Вода 2 при АКН на РСМ – Центар за катастар на недвижности Скопје, со сите делови од недвижноста кои останале со незапишани права во јавната книга (сите прирастоци и припадоци) кои се составен дел од недвижниот имот – стан запишана во имотен лист број 6772 КО Кисела Вода 2 и претставуваат една функционална целина, врз кои е извршен попис со Записник за извршен попис на предметна недвижност (врз основа на член 239-а став 1 од ЗИ), И.бр.913/25 од 17.02.2026 година на извршител Васко Блажевски, согласно Геодетски елаборат за идентификација на недвижност од класификација стан во станбена зграда, дел.број: 0808-28/3 од 20.02.2026 година на Друштво за истражување, инженеринг и проценка ГЕО АПРОУЗЛ ДООЕЛ Скопје, и тоа:

-површина од 3 $m^2$ – дел од станбена површина од недвижноста, со наменска искористеност СТ, изразена како просторија со ознака сегмент 11 (О),

-површина од 9 $m^2$ – тераса од недвижноста, со наменска искористеност помошни простории изразена како просторија со ознака сегмент 12 (Т).

**Продажбата ќе се одржи на ден 08.07.2026 година (среда) во 12:00 часот во просториите на извршител Васко Блажевски, бул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр.37/3-18 (приземје), Скопје.**

Почетната вредност на недвижноста наведена во овој заклучок, е утврдена со Заклучок за утврдување на вредност на недвижност (врз основа на член 177 од Законот за извршување), И.бр.913/25 од 11.05.2026 година на извршител Васко Блажевски.

Недвижноста наведена во овој заклучок се продава со почетна цена за второто усно јавно наддавање во износ од **165.357,00 евра** во денарска противвредност сметано по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата, под која вредност недвижноста не може да се продаде на второто усно јавно наддавање.

Данокот на промет и други давачки во врска со преносот на правото на сопственост, паѓаат на товар на купувачот.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: Договор за залог (хипотека) врз недвижност од прв ред ОДУ Број 1142/24 од 01.10.2024 на Нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје, Налог за извршување врз недвижност И.бр.889/25 од 21.08.2025 година на извршител Васко Блажевски, Налог за извршување кај пристапување кон извршување И.бр.913/25 од 03.09.2025 година на извршител Васко Блажевски, Налог за извршување врз недвижност И.бр.2166/2025 од 03.11.2025 година на извршител Славица Ацовска, и Записник за попис на предметна недвижност (врз основа на член 239-а став 1 од ЗИ), И.бр.913/25 од 17.02.2026 година на извршител Васко Блажевски.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста, односно износ од **16.535,70 евра** во денарска противвредност сметано по среден курс на НБРСМ.

НАПОМЕНА: Уплатата на име гаранција за учество во јавното наддавање да се изврши најдоцна еден ден пред продажбата, односно заклучно со ден 07.07.2026 година (вторник).

**Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.200003124543331 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број МК5080017506635.**

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање: во дневниот весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората на извршители.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

**И З В Р Ш И Т Е Л**
Васко Блажевски